# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Политиката за квалитет на ТИМЕЛПРОЕКТ ДООЕЛ е насочена кон задоволување на барањата на купувачите со особен акцент на постојано зголемување на нивното задоволство и перманентно подобрување на квалитетот на услугите и активностите извршувани во фирмата. Зголемувањето на квалитетот на услугите кои ги нуди фирмата на пазарот е врвен приоритет во нашето работење. Раководството и сите вработени во фирмата имаат перманентна задача, секој во својата област на делување, да се придржува кон пропишаните процедури во реализација на работните задачи што овозможува создавање на квалитетна услуга.

Мотивите и стратегиските цели на нашата политика за квалитет се:

1. Да го задржиме и подобриме рејтингот кај постојните купувачи и да привлечеме нови купувачи на нашите услуги.

2. Да станеме подобри од конкуренцијата на пазарот нудејќи подобар квалитет, поконкурентни цени и помали рокови за извршување на превземените обврски.

3. Да го прошириме нашиот пазар надвор од границите на нашата земја и да привлечеме странски партнери со кои ќе оствариме здружување и заедничко работење.

4. Да го зголемуваме стандардот на сите вработени со што ќе се зголеми мотивираноста за поголем ангажман и лојалноста кон фирмата.

Врвното раководство на ТИМЕЛПРОЕКТ ДООЕЛ е определено и посветено на обезбедување на потребните ресурси за ефективна имплементација на политиката за квалитет. Раководството се обрврзува и дека целите за квалитет ќе бидат реализирани преку воспоставување, имплементација, оддржување и континуирано подобрување на ефективноста на Системот за управување со квалитет.

Скопје, 29.11.2017 година

Директор

М-р. Рубин Атанасоски, дипл.ел.инж.